Архивски број: 08-698/3
25-12-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–698/1 од 07.11.2024 година, поднесена од [redacted] Битола, со адреса на живеење на [redacted] за извршена дискриминација врз национална или етничка припадност, образование, религија или верско уверување и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–698/1 од 07.11.2024 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## Образложение

На 07.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, образование, религија и лично својство и општествен статус областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителот наведува дека бил незадоволен од известување рег. Бр. 13.2.1-9139/1 од 24.01.2024 година кое го добил од помошник министер Снежана Петровиќ – Арсовска во врска со интерен оглас Рег. Бр. 13.2.1-92 од 04.12.2023 година. Подносителот наведува дека бил незадоволен од причина што бил известен дека не бил избран на интерни огласи на кои конкурирал, но при тоа не добил образложение за истото. Од друга страна пак наведува дека вработените кои биле избрани на интерните огласи, не ги исполнувале критериумите за избор па од претпоставените бара да биде соодветно ивестен дали при иборот било постапено согласно законските прописи, односно согласно Закон за внатрешните работи, Закон за полиција и Колективниот договор за вработените во Министерството за внатрешни работи. Следствено доколку било постапено спротивно на законските прописи при спроведување на постапките за унапредување по интерните огласи, бара да се преземат соодветни мерки и активности за покренување на соодветни постапки за злоупотреба на службена положба.

Идентично барање подносителот упатува до надлежните вработени во Министерството за внатрешни работи, а во врска со интерни огласи 22.6-321 од 13.09.2023 година рег.бр. 23.2.6.2.2-450/12 од 06.02.2024 година, рег. Бр. 23.2.6.2.2-416/1 од 02.02.2024 година и рег бр. 22.6-372 од 20.10.2023 година и известување добиено од помошник министер Валентина Наумова.

Од изнесеното во претставката и доуредувањето на истата, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во врска со наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, Комисијата го упатува подносителот да се обрати до надлежниот Државен инспекторат за труд како надлежен орган за вршење инспекциски надзор и инспекциски работи од областа на работното законодавство, како и вршење на инспекциски надзор кај работодавците за начинот на примена на законите и другите прописи од областа на работното законодавство, колективните договори и договорите за работа.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
23.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик Претседател
Флора Кадриу

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД